МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Согласно "*Правилата за балансирање на ЕЕС*" (Службен весник бр. 179/2019), "*Правила за измена и дополнување на Правилата за балансирање на ЕЕС*" (Службен весник бр. 242/2019, 49/20, бр. 7/21, бр. 146/21 и бр. 263/21), како и "*Правилата за набавка на mFRR балансен капацитет и енергија*", усвоени од Управниот Одбор на АД МЕПСО со одлука 02-5814/16, и одлуката 02-6692/17 за „*Измена на Правилата за набавка на mFRR балансен капацитет и енергија*", се изработува:

# И З В Е Ш Т А Ј

## за спроведена аукција за набавка на mFRR балансен капацитет

Согласно Правилата за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија, ОЕПС спроведе месечна аукција за набавка (закуп) на mFRR балансен капацитет за јануари 2022 година.

Постапката за набавка на mFRR балансен капацитет започна со поднесување на Барање за реализација на набавка на системски услуги бр. 09-7027 од 10.12.2021 година од страна на Подружница ОЕПС до Генералниот Директор на АД МЕПСО.

Врз основа на ова Барање, Генералниот Директор на АД МЕПСО донесе Одлука бр. 09-7027/1 од 13.12.2021 година за отпочнување на постапката за реализација на набавка на mFRR балансен капацитет за балансирање на електроенергетскиот систем во периодот од 00:00 часот на 01 јануари 2022 година до 24:00 часот на 31 декември 2022 година.

ОЕПС после донесувањето на Одлуката за отпочнување на набавка на mFRR балансен капацитет, направи објава на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет бр. 09-7027/2 од 13.12.2021 година и ги објави потребните количини за набавка на mFRR балансен капацитет дефинирани во Табела 1, како и датумот и времето на извршување на аукцијата на веб страната на АД МЕПСО.

| Месец | | Вкупно MW | H1 | H2 | H3 | H4 | H5 | H6 | H7 | H8 | H9 | H10 | H11 | H12 | H13 | H14 | H15 | H16 | H17 | H18 | H19 | H20 | H21 | H22 | H23 | H24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Јануари* | (+) | 104.160 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 | 140 |
| | (-) | 37.200 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 |

**Табела 1: Количини за набавка на mFRR балансен капацитет**

Поради тоа што ММС интернет платфорамата има технички проблеми и не работи, сите даватели што сакаат да учествуваат на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет беа должни на 15.12.2021 година (среда), точно во 12:00 да ги пратат понудите на e-mail адресата: balancing@mepso.com.mk. На давателите на балансни услуги по email им беше испратен урнек за месечната аукција.

На аукцијата не се пријави ниту еден давател на балансни услуги.

Согласно горенаведеното и со цел обезбедување системски услуги за задржување на сигурноста на системот, АД МЕПСО ќе воведе уште една месечна или дополнителни неделни аукции за набавка на mFRR балансен капацитет за јануари 2022 година. Количините за набавка остануваат како во табела 1.

АД МЕПСО навремено ќе ги информира сите даватели на балансни услуги за времето на одржување дополнителните аукции за набавка mFRR балансен капацитет за јануари 2022 година по e-mail и/или на web страната.